Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на ден _________________година донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за измена на Правилникот за систематизација на работните места во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи**

**Член 1**

Со овој Правилник се вршат измени и дополнувања во Правилникот за систематизација на работните места во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи со бр. 01-125/1 од 22.03.2023 година.

**Член 2**

Во делот IV. Опис на работните места во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, во Секторот 1. Сектор за прашања на црква, верска заедница и религиозна група и стручна поддршкаа, во 1/1.2 Одделение за стручна поддршка, организација на настани и меѓународна соработка, работното место со реден број 16 со шифра: УПР 0101В04000 и назив:Помлад соработник за подготовка на материјали и координација, во делот Вид на образование „Хуманистички науки и уметности" се додаваат зборовите Филозофија, етика и религија

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а истиот ќе почне да се применува по добивање на согласност од Министерството за јавна администрација.

Арх.бр. 01-363/1

од 09.06.2025

**Директор**
**Оливера Трајковска**

Република Северна Македонија Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи Скопје

______________________________